## Култура

Ова е простор за Вашата РЕКЛАМА



ПО ПРЕМИЕРАТА НА "САМИТ НА ШАМАНИТЕ"

### Патувалчињата на Александар Станковски

Главниот лик во новиот филм на Александар Станковски "Празник на Шаманите" зема чоколадно бонбонче што го вика патувалче, и гледајќи тв шоу на господата Волтер и Холмс, во дремка, со својата фантазија ја води и публиката на ментално и визуелно патување. Самиот Ацо вели дека е ова халуциногено патување низ времето и просторот. Во него има рамка, има главен лик, глумец кој го игра Кирил Поп Христов и низ чии замисли Ацо го отвора својот ум, знаење и идеја развивајќи го ликовното во експериментална видео форма.

"Самит на Шаманите" изгледа како оживеана слика, спој на делата на Станковски кој и овде, како во своите платна прави рекапитулација на реалноста. Ацо со своите пријатели меѓу кои има професионални глумци и многу натуршчици ја почнува приказната за борбата помеѓу доброто и злото, во сегашноста, на театарска сцена каде што се подготвува нова претстава. Оттаму бонбончето - патувалче не пренесува во еден раскошен свет на бои, експресии, анимирани делови со приказна или само графички слики кои со ритамот на музиката, на Фидан Јаќоски, и на повеќе други музичари, будат најразновидни асоцијации за историските стереотипи кои се инспирација на Станковски. Тој се занимава со силите на моќта, но и се враќа до самите почетоци на човекот. Таму се оживеани актовите од платната на Станковски, меѓу кои има и вампирски односи но и со слики на фалусот и вагината, како парадигма на исконските почетоци.

Шаманите во филмот на Ацо, во услови на Скопскиот пашалак, како метафорични духовни водачи, покрај Кили се и Мирче Доневски како сликарот - маѓепсник, Влатко Галевски како Големиот Паша, Сашо Гигов - Гиш со својата дружина. Во Црните Магови се јавува и Жанета Вангели како Големата маѓепсничка.

Ацо прави визуелна слика за историјата на моќта гледајќи го Скопје, како метафора за цел свет, како пашалак, од 21 век, се до 16 век, вклучувајќи го и Пиколомини и враќајќи се назад, каде што борбата е вечна и каде што главни јавачи на апокалипсата се ЕУ и НАТО.

Премиерата беше завчера на Скопје филм фестивал во киното "Милинеиум" каде што дел од публиката, поради преполната сала проекцијата ја виде седејќи на земја.

М. Зафировска



© ВЕСТ 2001
Секое користење на информации и фотографии од сајтот,
без дозвола на Редакција ВЕСТ е забрането

ФЕРШПЕД
HOTEL
T Home
MACEDONIA SEARCH
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАТИЦА НА
ЖИВО НАСЛЕДСТВО македонија www.zivonasledstvo.org.mk
365 com.mk
kniga.com.mk